В, КУШЕВСКИ

# ЗА ШТО СЕ ДОГОВОРИЈА ПОЛСКИТЕ И ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ИСТОРИЧАРИ

Во рамките на Програмата за просветна и културна соработка помеѓу СФР Југославија и НР Полска, во текот на м. ноември 1970 (во Белград) и во м. мај 1971 г. (во Познањ), работеа претставници на Југословенско-полската комисија за анализа на учебниците по историја и географија за основните и средните училишта во обете земји.

По размената на учебниците и извршените рецензии од страна на претставниците на обете земји, Комисијата ги разгледа заедничките примедби и донесе заеднички протокол, во кој се внесени препораките за подобрување на сегашната состојба во поглед на текстовите во спомнатите учебници.

Со оглед на нашето интересирање, ги изнесуваме прашањата кои ги тангираат учебниците по историја и историските атласи.

Работата на Комисијата помина во пријателска атмосфера, со полно разбирање и доверба. При тоа претставниците имаа предвид дека учебниците по историја се од вонредно значење затоа што „му служат на делото на заемното разбирање и зближување на народите од обете земји,“ имено, дека учебниците по историја „имаат истакната улога во процесот на воспитувањето на младите генерации“ на обете држави во духот на взаемното разбирање, спогодување и пријателство.

По однос на полските учебници, обете страни се сложија и прифатија дека при обработката на некои партии во учебниците, одделни прашања треба да се прошират и дури внесат нови елементи од историјата на југословенските народи. Така на пример, при обработката на историјата на Полска, треба да се земат предвид врските на Полска со културниот и општествено-политичкиот развој на Југо-источна Европа. Од друга страна, треба да се има предвид и влијанието на Југословените на историјата на Европа. Исто така заслужува поголемо внимание и борбата на Пољаците и Југословените против Турција, Австрија и Унгарија.

Обете страни се сложиле за давање поголемо место во полските учебници на ослободителните борби на нашите народи (Србите, Хрватите, Словенците, Македонците и Црногорците). При тоа треба да бидат пошироки информациите за Првото и Второто српско востание, за Илирското движење, како и за будењето на националната свест кај останатите југословенски народи. Неопходни се и податоци за револуционерните вриежи кај југословенските народи во 1848 година. Што се однесува до I-та светска војна, Комисијата заклучи дека внимание треба да се сврти на позадината и карактерот на Сараевскиот атентат, да се подвлече значењето на фронтот на Балканот, каде Антантата однесла првите победи во војната, како и на Солунскиот фронт. Исто така да се одбележат и империјалистичките побуди на Италија, при нејзиното стапување во војната на страна на Антантата (Лондонскиот договор од април 1915 г.). Формирањето на Кралството СХС исто така, заслужува внимание во текстовите на учебниците. Ова се однесува и за развојот на Југославија и нејзината улога на меѓународен план помеѓу двете светски војни. Пожелно е за овој период да се одбележат и блиските контакти, посебно на културен план, помеѓу полскиот и југословенските народи.

Посебно треба да се посвети поголемо внимание на местото и улогата на Југославија спроти војната и во 1941. При тоа треба да се потенцира односот и владеачката буржоазија во пролетта 1941 година и повеќе да се подвлече отпорот на Југословените на Хитлеровата агресија во 1941 година со подвлекување дека истиот го забави остварувањето на планот на Хитлера — „Барбароса“ при агресијата на СССР.

Претставниците на Полска и Југославија се согласија дека во полските учебници и прирачници по историја и историските читанки, треба поголемо внимание и простор да ѝ се посвети на Народноослободителната борба и Народната револуција на југословенските народи, при што да се укажува и на полско-југословенската соработка во II-та светска војна.

Неопходно е да „се дадат пошироки објаснувања за социјалистичката револуција во Југославија и на развојот на социјалистичката заедница на југословенските народи по војната“. При тоа е од значење да се укаже на општествените и стопанските промени како и на југословенскиот социјалистички општествен поредок, на неговите особености и сл.

Освен тоа, се препорачува во поголема мера да се користи илустративен материјал од историјата на нашите народи.

Што се однесува до застапеноста и третманот на историјата на полскиот народ во југословенските учебници, Комисијата го констатира и препорачува следново:

Во поглед на феудална Полска, во поголем степен да се потенцира нејзината улога во запирањето на турската наезда во VI и XVII век. На пример, во сите учебници недостасуваат доволно податоци за разбивање на турската опсада на Виена 1683 година, од полскиот крал Јан Собјески.

Се препорачува да се прошират информациите за историјата на Полска во XVII век, посебно за напредните реформи: политичките, општествените и просветните во втората половина на XVIII век, како и на поделбата на Полската држава.

Учеството на Полјаците во народно-ослободителните борби на XIX век (во Ноемвриското востание, во револуционерната 1848/49, во Париската комуна, во Јануарското востание), треба да најдат достојно место во учебничките текстови, односно да се дадат поопширни податоци за тоа.

Треба такуѓере да се зема предвид во спомenатите текстови и прашањето на она што е исто така специфично за историјата на полскиот народ, — масовната и организираната германизација и русификација на полскиот народ од завојувачките држави. А кога се работи за историјата на Октомвриската револуција како и на Ноемвриската револуција во 1918 година во Германија, — треба да се наведува и учеството на Пољаците во овие револуционерни настани.

При наведувањето на политичките резултати од I-та светска војна, пожелно е да се наведува и формирањето (постанокот) во 1918 година на независна и обединета полска држава — со наспомнување дека во 1918 година добиле независност неколку словенски народи.

За периодот меѓу двете светски војни Полска чини усилби на стопански, општествен и културен план за интеграција на поделениот полски народ.

Што се однесува до настаните од Втората светска војна, комисијата препорачува да се даваат поопширни информации за проширување на знаењата за трагедијата на полскиот народ во септември 1939 година, при што посебно да се потенцира и значењето на отпорот на полскиот народ, меѓу другото и запирањето на дипломатските успеси на Хитлер.

Неопходни се и информации за разновидните форми на отпор што го пружал полскиот народ на германскиот фашистички окупатор: партизанско движење, диверзии, масовни саботажи и др. При тоа не треба да се заборавaат големите човечки и материјални жртви што ги поднел полскиот народ во борба со хитлеризмот (концентрациони логори, стрелања, депортации, варварско уништување на полската култура) дотолку повеќе што во тој поглед постоеле големи сличности помеѓу трагичните судбини на народите на Југославија и Полска во периодот на II-та светска војна.

Несомнено е дека обраќањето посебно внимание на овие историски компоненти во историјата на нашите држави во учебничките текстови и прирачниците за наставата по историја, ќе има во иднина значително воспитно влијание врз младите југословенски и полски генерации.

Во текот на II-та светска војна, Полјаците зеле бројно активно вооружено учество на сите европски фронтови (во Франција, Англија, Норвешка, во СССР, а исто така и во Југославија). Ова треба секако да најде посебно место во учебниците односно во историските читанки.

Комисијата дојде и до согласност за дополнување на информациите за „ролјата на Полска во цивилизацијата и во општоевропската култура". Така, освен Коперник и Марија Склодовска-Кири, пожелно е — во зависност од можностите — да се спомене прилогот на Полска во културата и науката во времето на Хуманизмот, Ренесансот и Романтизмот (Адам Мицкиевич, Јулиус Словачки). Зашто во случајов не се работи само за Полска, туку за „укажување на улогата на словенските народи во европската култура, како и на големите врски и сличности во интелектуалниот развој на одделните народни словенски култури. Исто така малу се зборува и за големиот напредок на полската култура и наука по II-та светска војна."

Во врска со историските атласи Комисијата дојде до општа констатација дека проблемите од општата историја се земаат маргинално. Оваа празнина посебно се чувствува за XIX и XX век, кога историјата на југословенските народи и на полскиот народ била силно поврзана со судбината на другите европски народи.

На својата завршна седница, обете страни се договорија својата работа да не ја сметаат за завршена, туку и натаму да се следи оваа проблематика, посебно реализирањето на овие препораки и сугестии. За таа цел е препорачано наредниот состанок да се организира по две години.

Во духот на расположението за континуирана соработка на овој план, договорено е да се работи взаемно на јакнењето на соработката и на усовршувањето на учебниците и прирачниците за наставата по историја. Како конкретни форми за реализирањето на оваа взаемна желба обете страни се договорија и натаму да се врши размена на: учебници и на други прирачници за наставата (атласи, статистички годишници, изворни текстови итн.), на резултатите од научните истражувања и на методските достигнувања во областа на наставата по историја.

Исто така, потребно е одржување на состаноци на обете страни за да се дискутира реализацијата на утврдените постулати, како и за третирање на нови проблеми кои што ќе се појават во меѓувреме.

Излегувајќи со овој напис, ние сметаме дека истиот — освен неговиот информативен карактер, ќе биде прифатен со посебно интересирање и со обврзаност од авторите на учебниците и прирачниците по историја, како и за составувачите на школските историски атласи, потоа од надлежните органи за изработување и одобрување на наставните програми по историја, а се разбира, и од соодветните издавачки претпријатија, односно рецензенти на ракописите за учебниците, историските читанки, на илустративните прилози, картите и др., — за сѐ она што се однесува за историјата на полскиот народ. Зашто ние се надеваме дека взаемниот договор и едните и другите нѐ обврзува истиот да се реализира што побргу во дело, на корист и на југословенските народи и на полскиот народ.